Јакнење на доживотното учење преку модернизација на системот за стручно образование и обука и образованието на возрасните

Оперативна програма за развој начовечки ресурси 2007-2013 ИПА Компонента IV

Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK

# МЕТОДОЛОГИЈА

# ЗА РАЗВОЈНА ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Овој Проект е финансиран од Европската унија

A Project implemented by the British Council and its consortium partners
Project contacts: British Council Macedonia
Address : Bul. Goce Delcev 6, PO Box 562, 1000 Skopje
Tel : +389 (0) 2 3135 035

Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK

# Содржина

**1. Основа ... 4**

**2. Утврдување на потребите на пазарот на трудот ... 6**

**3. Релевантност на неформалното образование во контекст на доживотно учење и потребата за развивање на програми за неформално образование на возрасните ... 9**

2.1. Улога и поддршка од релевантните институции (Центар за образование на возрасните и Министерство за образование и наука) ... 11

**4. Чекори и улоги на вклучените страни во процесот на развој на Програми за образование на возрасни (дијаграм) ... 13**

**5. Што треба да знаат провајдерите на образование на возрасни? ... 14**

5.2 Дефинирање на Европската рамка на квалификации и Националната (Македонската) рамка на квалификации ... 14

5.3 Европски кредит трансфер систем Европски кредит трансфер систем за стручно образование и обука (ЕКТС и ЕЦВЕТ) ... 34

5.4 Квалификации и стандарди на занимања ... 36

5.5. Цели на програмата и резултати од учењето ... 39

5.6 Оценување на резултатите од учењето ... 44

5.7 Методи и техники во областа на образованието и обука за возрасни ... 45

**АНЕКС I ... 49**

**Образец за примена на посебна програма за образование на возрасните ... 49**

**1. Литература ... 70**

Овој Проект е финансиран од Европската унија

A Project implemented by the British Council and its consortium partners
Project contacts: British Council Macedonia
Address : Bul. Goce Delcev 6, PO Box 562, 1000 Skopje
Tel : +389 (0) 2 3135 035

## Акроними

| | |
|---|---|
| **ОВ** | Образование на возрасните |
| **ПОВ** | Провајдери на образование на возрасни |
| **БС** | Британски совет |
| **ЦОВ** | Центар за образование на возрасните |
| **ЦСОО** | Центар за стручно образование и обука |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕКТС** | Европски кредит трансфер систем |
| **ЕЦВЕТ** | Европски кредит-систем за стручно образование и обука |
| **ЕСВ** | Европска стратегија за вработување |
| **ЕРК** | Европска рамка на квалификации |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ИКТ** | Информатички и комуникациски технологии |
| **ПТ** | Пазар на труд |
| **МКСОО** | Македонски кредит систем за општо образование |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МРК** | Македонска рамка на квалификации |
| **НВО** | Невладина организација |
| **СЗ** | Стандард на занимања |
| **ПО** | Провајдери на обука |
| **СОО** | Стручно образование и обука |

## 1. Основа

Овој документ е подготвен под покровителство и за потребите на проектот „Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системот за стручно образование и обука и образованието на возрасни" (EuropeAid/135834/IH/SER/MK), спроведен од страна на Британскиот совет Македонија, DVV International и Центарот за доживотно учење. Целта на проектот е да се даде придонес кон јакнењето на сеопфатниот и интегриран систем за доживотно учење, со посебен фокус на стручното образование и обука и образованието на возрасни, вклучувајќи воспоставување на динамична врска помеѓу образованието од една и општествениот сектор и пазарот на трудот, од друга страна. Важен дел од овој Проект е Компонентата 2: „Понатамошно јакнење на образованието на возрасните" којашто вклучува 7 активности чијашто цел е придонес во понатамошниот развој на националниот систем за образование на возрасните, преку воведување на мерки за негово реформирање и модернизација. Активност 2.1 од оваа компонента се однесува на поддршка за подготовка и имплементација на методологија за утврдување и подготовка на потребните програми за образование на возрасните во согласност со потребите на пазарот на труд.Активноста вклучува идентификација на потребите на пазарот на труд и креирање на конкретна методологија којашто ќе им пружи поддршка на чинителите за креирање конкретни програми за образование на возрасни.

Развивањето на Методологија за програми за образование на возрасни треба да се справи со неколку предизвици. Еден од тие предизвици е да се биде во чекор со потребите на пазарот на труд и брзиот развој на техниката и технологијата што води кон зголемување на компетенциите на луѓето и влијае на процесот на (само)вработување, додека другиот предизвик е да се олесни процесот на подготовка и креирање на конкретна програма за образование на возрасните релевантна за сите чинители на полето на образование и обука на возрасни. Според

компонентата 2.1 од Проектот „Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системот за стручно образование и обука и образованието на возрасни“ насловена „Поддршка за подготовка и имплементација на методологија за утврдување и подготовка на потребните програми за образование на возрасни во согласност со потребите на пазарот на труд“, развивањето на Методологија за програми за образование на возрасни има за цел понатамошно јакнење на системот за образование на возрасните во тесна соработка со приватниот сектор и социјалните партнери во согласност со релевантните стратегии.

Главните задачи поврзани со активноста 2.1 од проектот вклучуваат придонес во:

- Развојот на јасни насоки во форма на методологија за идентификација и подготовка на потребни програми за образование на возрасни со фокус на потребите на пазарот на труд;
- Тестирање на методологијата преку пилот фаза, при што ќе се ревидираат и ажурираат постојните и ќе се подготват нови програми за образование на возрасните.

## 2. Утврдување на потребите на пазарот на трудот

Процесот на глобализација, демографијата (стареењето на населението), урбанизацијата и еволуцијата на општествените структури ја забрзуваат стапката на промени на пазарот на трудот и барањата за вештини.Развојот на нови вештини и компетенции за целосно искористување на потенцијалот за обновување претставува приоритет и предизвик за ЕУ и националните јавни органи, за провајдерите на образование и обука, компаниите, работниците и учениците.Состојбите во земјите-членки на Европската унија и регионите значително се разликуваат во однос на профилот на вештини на нивното население или распределеноста на вработеноста по сектори.Подобрувањето на мониторингот, оценувањето и предвидувањето, како и поврзувањето на вештините е од клучно значење при опфаќањето,како на влијанието на кризата врз вработувањето, така и на долгорочните перспективи за вработување на работната сила во ЕУ.

Работна сила којашто поседува висок степен на вештини и е прилагодлива, помага во поттикнувањето на конкурентноста на економијата во целост, и од неа имаат придобивки и работодавачите и вработените.Младите луѓе и возрасните треба да поседуваат генерички компетенции коишто ќе им овозможи да се прилагодат на промената и да се вклучат во понатамошно учење.Во текот на својот живот, учениците и работниците треба исто така да развијат и вештини специфични за работното место коишто треба постојано да се надградуваат.Развивањето вештини обезбедува поголеми можности за долгорочно вработување и може да доведе до подобри можности за вработување и зголемување на платата.Вештините на работниците исто така играат клучна улога во нивното задоволство од работата – важна компонента на квалитетот на работата - и се од суштинско значење за активното граѓанство.За работодавачите, инвестирањето во вештини е начин да се подобри


A Project implemented by the British Council and its consortium partners
Project contacts: British Council Macedonia
Address : Bul. Goce Delcev 6, PO Box 562, 1000 Skopje
Tel : +389 (0) 2 3135 035

мотивацијата и продуктивноста на нивните вработени и да се зголемат капацитетите за иновации и прилагодување.[1]

Надградувањето на вештините е од суштинско значење за рамноправноста, бидејќи ниско-квалификуваните работници се поранливи на пазарот на труд и можат да бидат први на удар во случај на криза. Надградувањето на вештините не претставува само луксуз за висококвалификуваните работници на високо-технолошки работни места: тоа претставува потреба за сите. Нискоквалификуваните возрасни имаат седум пати помала веројатност да учествуваат во доживотното учење од оние со високи образовни достигнувања; премалку е направено за зголемување и прилагодување на вештините на работната сила којашто старее.Политиките за образование, обука и вработување мора да се фокусираат на зголемувањето и прилагодувањето на вештините и на обезбедување на подобри можности за учење на сите нивоа, за развивање на работна сила којашто е висококвалификувана и којашто ќе може да одговори на потребите на економијата.Слично на тоа, бизнисите имаат голем интерес во инвестирањето во човечки капитал и подобрување на своето управување со човечки ресурси.  Квалификувана работна сила не придонесува само во продуктивноста: Инвестирањето во добро осмислени системи за доживотно учење може значително да ги надомести економските трошоци за недостатоци и празнини поврзани со вештините.  Системите за образование и обука мора да генерираат нови вештини, да одговараат на природата на новите работни места коишто се очекува да бидат креирани, како и да ја подобрат прилагодливоста и вработувањето на возрасните коишто се веќе во работната сила.[2]

Европска стратегија за вработување: поддршка на развојот на вештини за повеќе и подобри работни места. Утврдена во 1997 година, Европската стратегија за вработување (ЕСВ) им овозможува на земјите-членки и Европската комисија да поставаат заеднички цели во однос на политиките за вработување, да вршат мониторинг на напредокот и да ги разменуваат најдобрите практики со цел да се помогне во креирањето повеќе и подобри работни места во

[1]Соопштение на Комисијата „Ефикасност и рамноправност во системите за образование и обука“ - COM(2006) 481, 8.9.2006 год.
[2]„Европска референтна рамка за клучните компетенции за доживотно учење“, Препорака на Европскиот парламент и Советот 2006/962/ЕЗ of 18.12.2006 год.

секоја земја-членка. Конкретно, Европската стратегија за вработување ги има поттикнато земјите-членки да им дадат поголем приоритет на „активните“ политики за пазарот на труд со што им се помага на невработените да најдат работа, со цел да се надополнат разните мерки коишто им нудат финансиска компензација за загуба на приход. Еден важен концепт вграден во ЕСВ е „флексибилност и безбедност“ - стратегија којашто вклучува преместување од менталитетот „сигурност на работата“ во менталитетот „сигурност на вработувањето“. Меѓутоа, со цел да се постигне ефективност, за „флексибилност и безбедност“ се потребни работници коишто можат да се прилагодат на промените за да останат на пазарот на труд и да напредуваат во текот на работниот живот. Од таа причина, стратегијата се потпира на обука на работниците на високо ниво и на достапноста на можностите за учење во текот на работниот живот на работниците.Република Македонија, како кандидат земја-членка на Европската унија, е обврзана да ги следи сите трендови поврзани со образование и обука коишто придонесуваат кон побрза интеграција.

Развивањето на Методологија за програми за образование на возрасните треба да се справи со горенаведените предизвици. Еден од тие предизвици е да се биде во чекор со потребите на пазарот на труд и брзиот развој на техниката и технологијата што води кон зголемување на компетенциите на луѓето и влијае на процесот на (само)вработување, додека другиот предизвик е да се олесни процесот на подготовка и креирање на конкретна програма за образование на возрасни релевантна за сите чинители на полето на образование и обука на возрасни. Според компонентата 2.1 од Проектот „Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системите за стручно образование и обука и образованието на возрасни“ насловена „Поддршка за подготовка и имплементација на методологија за утврдување и подготовка на потребните програми за образование на возрасни во согласност со потребите на пазарот на труд“, развивањето на Методологија за програми за образование на возрасни има за цел понатамошно јакнење на системот за образование на возрасните во тесна соработка со приватниот сектор и социјалните партнери во согласност со релевантните стратегии.

Главните задачи поврзани со активноста 2.1 од проектот вклучуваат придонес во:

- развојот на јасни насоки во форма на методологија за идентификација и подготовка на потребни програми за образование на возрасни со фокус на потребите на пазарот на труд;
- Тестирање на методологијата преку пилот фаза, при што ќе се ревидираат и ажурираат постојните и ќе се подготват нови програми за образование на возрасните.

## 3. Релевантност на неформалното образование во контекст на доживотно учење и потребата за развивање на програми за неформално образование на возрасните

Брзиот развој на науката и технологијата претставува предизвик формалното образование да биде во чекор со новите барања на пазарот на труд.Неформалното образование треба да го предвиди овој предизвик со развивање на флексибилен пристап кон новите образовни барања.Тоа треба да ги надомести недостатоците на формалното образование.

Неформалното образование по дефиниција ги претставува сите форми на образование и обука коишто вклучуваат методи и насоки на учење коишто не се дел од процесот на формално образование.Вклученоста во процесот на неформално образование и учење денес претставува потреба, бидејќи тоа ги надоместува и надградува компетенциите добиени во формалното образование и ја одржува конкурентноста на луѓето на пазарот на труд.

Задачите коишто неформалното образование ги поставува се искористени и директни, за разлика од задачите на формалното образование, бидејќи потекнуваат од индивидуализирани потреби за учење и следат андрагошки пристап на учење ориентирано кон процесот на учење, за разлика од педагошкиот пристап на учење ориентиран кон ученикот, наставникот и наставната единица.

Неформалното образование и програмата за учење којашто често се реализира надвор од традиционалните училишни објекти, имаат неколку основни карактеристики, помеѓу кои се:

- јасно утврдена цел на програмата
- јасно утврдени резултати од учењето (компетенции) од програмата
- флексибилност на програмата во однос на користење соодветни методи и техники на предавање и учење
- флексибилност на програмата во однос на времетраење
- интерактивен хоризонтален пристап на предавање и учење
- учество на возрасните на доброволна основа
- обучен едукатор за работа со возрасни

Во современото општество коешто се основа на знаење, програмите за неформално образование на возрасни и млади лица имаат пошироко и големо значење.Неформалното учење не е само карактеристика на луѓето коишто живеат во рурални средини, коишто се маргинализирани и необразовани, коишто го напуштиле или воопшто не биле дел од процесите на формалното образование.Денес, неформалното образование е својствено за граѓаните со различен социјален статус, вклучувајќи високо-образовани лица, експерти, доктори, универзитетски професори коишто треба да поседуваат вештини за користење на нови знаења и технологија во своите секојдневни професионални и лични животи.

Програмите на неформалното образование можат да се сумираат во две пошироки групи:

- образовни програми преку коишто се стекнуваат знаења, вештини и компетенции; и
- образовни програми коишто водат до стекнување ставови (учење на позитивни ставови и човечки вредности)

Треба да се утврди дека целта на иницијативите за промоција и утврдување на програми за неформално образование и учење во поширок општествен контекст, не е креирање паралелен образовен систем, но дополнителна поддршка на постојниот образовен систем, при што заедно на крајот ќе придонесат кон градење на „општества базирани на знаење“.

## 2.1. Улога и поддршка од релевантните институции (Центар за образование на возрасните и Министерство за образование и наука)

***Центарот за образование на возрасните*** е јавна, владина институција формирана во 2008 година, кога, за првпат во Република Македонија беше донесен Законот за образование на возрасните. Мисијата на Центарот за образование на возрасни е утврдување на функционален, современ систем за образование на возрасните компатибилен со оној на ЕУ, во контекст на доживотно учење којшто ќе понуди висококвалитетно образование и можности за добивање квалификации во согласност со барањата и на луѓето и на пазарот на труд.

Главните цели на Центарот за образование на возрасни се придонесување во реализацијата на социо-економските барања на општеството, исполнување на барањата на пазарот на труд и обезбедување на помош за поединци да го реализираат својот личен развој.[3]

Покрај улогата на координирање на соработката со меѓународните институции во областа на образованието на возрасни и доживотно учење, во согласност со Законот за образование на возрасни, Центарот за образование на возрасни има неколку задачи, помеѓу коишто се следниве:

- развој на систем за образование на возрасните којшто ќе го следи општествениот и технолошкиот развој;
- поддршка на социјалното партнерство на сите нивоа и во сите фази на планирање, развој и реализација на образованието на возрасните;
- развој на европска ориентација на образованието на возрасни;
- креирање на образец за програми за образование на возрасните;
- верификување на програми за образование на возрасните;
- издавање каталог на прифатени програми за образование на возрасни и објавување на истиот на веб страната на Министерството за образование и наука;

[3] Стратегија за образование на возрасни 2010-2015, Скопје: Совет за образование на возрасни, с.8

- обезбедување поддршка во форма на советување и менторство за наставниот кадар во образованието на возрасните; и др.

Центарот за образование на возрасните има неколку секториод коишто два сеза валидација и мониторинг на програмите за образование на возрасните.Персоналот им помага на провајдерите на образование на возрасни да развијат и валидираат конкретни програми за образование на возрасни во согласност со барањата на пазарот на труд.Процедурата трае максимум 2-3 месеци и бара вештини и компетенции од помошниот персонал на Центарот за образование на возрасните.

Образецот за барање за верификација на програма за образование на возрасни може да се најде на следниот веб линк: http://cov.gov.mk/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%BA%D0%B0/

*Верификацијана специјални програми за образование на возрасните* – врши Центарот за образование на возрасните во согласност со Правилник.Програмите ги подготвува институцијата/организацијата којашто ја планира реализацијата на обуката, според Моделот за специјални програми за образование на возрасните.Одлуката за верификувана институција ја донесува Директорот на Центарот за образование на возрасните.

*Верификацијана институции за образование на возрасни* –ја врши Министерството за образование и наука според Правилник.Одлуката за верификувана институција/организација за образование на возрасните ја донесува Министерот за образование и наука.

Министерството за образование и наука го организира и реализира процесот на верификација со поддршка од Центарот за образование на возрасните, Центарот за стручно образование и обука и Државниот просветен инспекторат.Центарот за образование на возрасните ја комплетира целокупната документација од институциите и организациите за образование на возрасните и ја доставува до Министерството за образование и наука.Процесот

на верификација го врши Комисија од четири члена (еден член од секоја институција) и се состои од две фази:

- Проверување и потврдување на севкупната документација согласно со Правилникот
- Вршење на проверка на просторните капацитети и опрема

Образецот за барање за верификација на институција за образование на возрасни може да се најденаследниотвеблинк: http://cov.gov.mk/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%BA%D0%B0/

## 4. Чекори и улоги на вклучените страни во процесот на развој на Програми за образование на возрасни (дијаграм)






**Кратенки:**
**С.З.** – Стандард на занимања
**П.О.** – Провајдер на обука
**ПОВ** – Програма за образование на возрасни

## 5. Што треба да знаат провајдерите на образование на возрасни?

Системот за неформално образование е составен од програми за образование на возрасни коишто се добро утврдени, квалитетни и базирани на потребите на пазарот на труд.Програмите за образование на возрасни треба да ги следат трендовите коишто брзите промени во знаењето и технологијата ги воспоставуваат и треба да претставуваат надополнување коешто системот на формално образование не може да го постигне.

Постојат неколку аспекти коишто треба да се земат предвид при креирањето на програми за образование на возрасни со цел да се обезбеди мобилност, конкуренција и признавање на работната сила на националниот и меѓународниот пазар на труд.

## 5.2Дефинирање на Европската рамка на квалификации и Националната (Македонската) рамка на квалификации

5.2.1 Европска рамка на квалификации (ЕРК)

Европската рамка на квалификации е референтна алатка за споредба на нивоа на квалификации од различни системи на квалификации и за промовирање на доживотно учење и еднакви можности во општество базирано на знаење, како и понатамошна интеграција на европскиот пазар на трудот, при тоа почитувајќи ја богатата разновидност на националните образовни системи. [4]

ЕРК има 8 нивоа кои ги сочинуваат квалификации добиени во општото, стручното, високото образование и обука и образованието на возрасните.Нивоата на секој национален систем за образование и обука се споредуваат се нивоата на ЕРК за да може да се направи полесно признавање на квалификациите на меѓународно ниво.

Секое ниво се базира на резултати на учење (знаење, вештини и ставови - компетенции)Оваа ориентација придонесува кон развој на признавање и валидација на резултатите од учењето од неформалните и информалните процеси на учење.

**Табела 1:Дескриптори кои ги дефинираат нивоата во Европската рамка на квалификации[5]**

Секое од 8-тенивоа се дефинира со збир од дескрипторикои ги наведуваат**резултатите од учењето** кои се релевантни за квалификациите на тоа ниво во кој било систем на квалификации.

| **ЕРК ниво** | **Знаење** | **Вештини** | **Компетенции** |
|---|---|---|---|

[4] Препорака на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2008 година за *Воспоставување на европска рамка на квалификации за доживотно учење*

[5] Службен весник на Европската унија, (2008) *ПРЕПОРАКА НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 23 април 2008 година завоспоставување на Европска рамка на квалификации за доживотно учење,* Брисел: Европска комисија.

| | Во контекст на ЕРК, знаењето се опишува како *теоретско и/или фактичко* | Во контекст на ЕРК, вештините се опишуваат како: *Когнитивни* (кои вклучуваат користење на логично, интуитивно и креативно размислување) и *практични* (кои вклучуваат мануелни вештини и користење на методи, материјали, алати и инструменти) | Во контекст на ЕРК, компетенција се опишува како *одговорност и самостојност.* |
|---|---|---|---|
| **Ниво 1** | Основно општо знаење | Основни вештини кои се потребни за извршување на едноставни задачи | Работи или учи под директен надзор во структуриран контекст |
| **Ниво 2** | Основно фактичко знаење за полето на работа или учење | Основни когнитивни и практични вештини кои се потребни за користење на релевантни информации за извршување на задачи и за решавање на рутински проблеми со користење на едноставни правила и алати | Работи или учи под надзор со извесна самостојност |
| **Ниво 3** | Знаење на факти, принципи, процеси и општи концепти за полето на работа или учење | Опсег на когнитивни и практични вештини кои се потребни за извршување на задачи и за решавање на проблеми преку избор и примена на основни методи, алати, материјали и информации | Презема одговорност за завршување на задачите при работата или учењето; го адаптира сопственото однесување кон околностите при решавањето на проблеми |
| **Ниво 4** | Фактичко и теоретско знаење во поширок контекст во рамките на полето на работа или учење | Опсег на когнитивни и практични вештини кои се потребни за генерирање на решенија за конкретни проблеми во полето на работа или учење | Самостојно управува во рамки на насоките во контекст на работа или учење кои вообичаено се предвидливи, но подлежат на промена; врши надзор на рутинската работа на другите, презема одредена одговорност за оценување и подобрување на активностите за работа или учење |
| **Ниво 5** | Сеопфатно, специјализирано, фактичко и теоретско знаење во рамки на полето на работа или | Сеопфатен опсег на когнитивни и практични вештини кои се потребни за развивање на креативни решенија за апстрактни проблеми | Управуваи врши надзор во контекст на активности за работа или учење каде што има непредвидливи промени; ја ревидира и ја развива изведбата |

| ЕРК ниво | Знаење | Вештини | Компетенции |
|---|---|---|---|
| | Во контекст на ЕРК, знаењето се опишува како *теоретско и/или фактичко* | Во контекст на ЕРК, вештините се опишуваат како: *Когнитивни* (кои вклучуваат користење на логично, интуитивно и креативно размислување) и *практични* (кои вклучуваат мануелни вештини и користење на методи, материјали, алати и инструменти) | Во контекст на ЕРК, компетенција се опишува како *одговорност и самостојност.* |
| | учење и свесност за границите на тоа знаење | | на себеси и на другите |
| **Ниво 6** | Напредно знаење на полето на работа или учење, што вклучува критичко разбирање на теории и принципи | Напредни вештини кои покажуваат совладување на материјалот и иновации кои се потребни за решавање на комплексни и непредвидливи проблеми во специјализирано поле на работа или учење | Управува со комплексни технички или професионални активности или проекти, презема одговорност за донесување на одлуки во непредвидливи контексти на работа или учење; презема одговорност за управување со професионалниот развој на поединци и групи |
| **Ниво 7** | Високо специјализирано знаење, од кое дел е напредно на полето на работа или учење, како основа за оригинално размислување и/или истражување Критичка свесност за прашања поврзани со знаењето во полетои во интерфејсот помеѓу различни области | Специјализирани вештини за решавање на проблеми кои се потребни за истражување и/или иновации со цел да се развие ново знаење и процедури и да се интегрира знаењето од различни области | Управува или ги трансформира контекстите на работа или учење кои се комплексни, непредвидливи и за кои се потребни нови стратешки пристапи; презема одговорност за придонесување кон професионално знаење и пракса и/или за ревидирање на стратешката изведба на тимот |
| **Ниво 8** | Најнапредно знаење во полето на работа или учење и со интерфејс помеѓу областите | Најнапредни и специјализирани вештини и техники, вклучувајќи и синтеза и евалуација кои се потребни за решавање на критични проблеми во истражувањето и/или иновацијата и да се прошири и повторно да се дефинира | Покажува значителен авторитет, иновација, самостојност, научен и професионален интегритет и постојана посветеност кон развојот на нови идеи или процеси кои се напредни во контекстите на работа или учење, вклучително и |

| ЕРК ниво | Знаење | Вештини | Компетенции |
|---|---|---|---|
| | Во контекст на ЕРК, знаењето се опишува како *теоретско и/или фактичко* | Во контекст на ЕРК, вештините се опишуваат како: *Когнитивни* (кои вклучуваат користење на логично, интуитивно и креативно размислување) и *практични* (кои вклучуваат мануелни вештини и користење на методи, материјали, алати и инструменти) | Во контекст на ЕРК, компетенција се опишува како *одговорност и самостојност.* |
| | | постојното знаење или професионалната пракса | истражување |

### 5.2.2 Македонска рамка на квалификации (МРК)

Македонската рамка на квалификации (МРК) е национална референтна алатка за развој, класификација, признавање и валидација на добиените квалификации.Таа се заснова на националниот образовен систем, тековните трендови во образованието и обуката, пазарот на трудот и индивидуалните потреби, како и со европските препораки за развивање на рамка на квалификации.Законот за македонската рамка на квалификации е во сила од септември 2015 година, но неговата имплементација сè уште е дискутабилна.

МРК се базира на следниве принципи:

- Резултатите од учењето се изразуваат преку знаење и разбирање, вештини и компетенции;
- Класификација на квалификациите на нивоа и под-нивоа;
- Преносливост на кредити;
- Споредливост со Европската рамка на квалификации (ЕРК);
- Осигурување на квалитетот во процесот на развој на квалификации и стекнување на квалификации;

- Обезбедување на услови за еднаков пристап до образованието во текот на целиот живот за стекнување или признавање на квалификациите;
- Јакнење на конкурентноста на македонската економија која се базира на човечкиот потенцијал.

Македонската рамка на квалификации воспоставува јасни критериуми за квалитет за добивање на одредена квалификација кои поединците можат да ја стекнат по завршувањето на одреден процес на образование и обука.

Македонската рамка на квалификации се состои од:

- Нивоа/под-нивоа на квалификации,
- Описи на нивоа и резултати од учење за секое ниво на квалификација,
- Типови на квалификации и документи кои служат како доказ за стекнатата квалификација и
- Обем на квалификацијата.

Рамката се состои од 8 нивоа и дополнителни под-нивоа на нивоата V, VI и VII, воведување на резултати од учење како основен концепт кој се опишува со дескриптори на нивоа во рамките на три домени (знаење и разбирање, вештини и компетенции). Квалификациите се класифицирани според: нивоа, типови и сектори.Тие се регистрирани во националната база на податоци за квалификации (Регистер).Во моментов, националниот Регистер е во фаза на подготовка, а Пописот на квалификации (2014) претставува негова појдовна точка.

#### 5.2.2.1 Видови на квалификации

Македонската рамка на квалификации ги признава следниве типови на квалификации:

1. Образовни квалификации;
2. Стручни квалификации; и

3. Други типови на квалификации

**Образовна квалификација** – е квалификација добиена во рамките на формалниот систем на образование со неопходен обем на квалификацијата и документирана со диплома/сертификат.Образовните квалификации се стекнуваат со завршување на образование според јавно усвоени образовни програми и со стекнување на резултати од учењето.Овие квалификации имаат за цел да овозможат продолжување на образованието, вработување или личен развој.Тие обезбедуваат пристап до вертикална проодност во формалниот систем на образование.

**Стручна квалификација** – е квалификација стекната за дел од јавно усвоените образовни програми (модули, курсеви и слично), со завршување на посебна образовна програма или преку валидација на неформалното учење.Стекнатите резултати од учењето се документираат со сертификат.Тие содржат стручни компетенции од еден или повеќе стандарди на занимања.Овие квалификации имаат за цел да овозможат вработување и личен развој.

**Други видови на квалификации** - се квалификации кои не се ниту образовни ниту стручни.Тие се состојат од различни квалификации од различни области како што се уметност, наука, хуманистички и општествени науки.Тие вообичаено претставуваат дел од образовните квалификации.Стекнатите резултати од учењето од овие области се документираат со сертификат.

#### 5.2.2.2. Сектори на квалификации

Квалификациите се групирани според сектори.Сектори на квалификации во СОО се:

| | |
|---|---|
| 01 | Геологија, рударство и металургија |
| 02 | Градежништво и геодезија |
| 03 | Графичка индустрија |
| 04 | Економија, право и трговија |

| | |
|---|---|
| 05 | Електротехника |
| 06 | Здравствена и социјална заштита |
| 07 | Земјоделство, рибарство и ветеринарна медицина |
| 08 | Лични услуги |
| 09 | Машинство |
| 10 | Сообраќај, транспорт и складирање |
| 11 | Текстил, кожа и слични производи |
| 12 | Угостителство и туризам |
| 13 | Хемија и технологија |
| 14 | Шумарство и обработка на дрво |
| 15 | Спорт и рекреација |
| 16 | Уметност |

За квалификациите за високо образование се применува меѓународната Фраскати класификација.

### 5.2.2.3 Регистер на квалификации

. Согласно со Законот за НРК, квалификациите се регистрираат во национална база на податоци за квалификации (Регистер).Регистерот се состои од четири под-регистри:

• Под-регистер за општо образовни квалификации;
• Под-регистер за квалификации стекнати преку СОО;
• Под-регистер за квалификации стекнати во високото образование;
• Под-регистер за квалификации стекнати преку неформално образование;

Под-регистерот за квалификации стекнати преку СОО до нивото VБ го води Центарот за СОО.Под-регистерот за квалификации стекнати преку неформално образование го води

Центарот за образование на возрасните.Под-регистерот за општо образовни квалификации и Под-регистерот за квалификации стекнати во високото образование ги води Министерството за образование и наука.

#### 5.2.2.4 Структура на Македонската рамка на квалификации

Македонската рамка на квалификации има осум нивоа.Нивоата V, VI и VII имаат по две под-нивоа.Под-нивоата се поврзани со специфичностите на образовниот систем, ги исполнуваат барањата на работодавачите и се разликуваат по бројот на кредити.

Под-нивоата се оправдани во фаза на транзиција и имплементација на нова структура на циклуси.

- **Ниво I** се однесува на завршено основно образование.По завршувањето, учесниците добиваат свидетелство.
- **Ниво II**се однесува на стручно оспособување во траење до две години.По завршувањето, учесниците добиваат уверение за стручно оспособување. Законот за НРК предвидува учесниците да добиваат помеѓу 60 и 120 ЕЦВЕТ кредити.
- **Ниво III** се однесува на стручно образование за занимања во траење до три години. По завршувањето, учесниците добиваат диплома.Законот за НРК предвидува учесниците да добиваат 180 ЕЦВЕТ кредити.
- **Ниво IV** се однесува на гимназиско образование, техничко образование или уметничко образование во траење од четири години.По завршувањето, учесниците добиваат диплома.Законот за НРК предвидува учесниците да добиваат 240 ЕЦВЕТ или МКСОО (Македонски кредит систем за општо образование) кредити.
- **Ниво V, под-ниво VБ** се однесува на пост-средно образование (специјалистичко образование и мајсторски испит) и учесниците добиваат диплома за специјалистичко образование и диплома за мајсторски испит.За ова под-ниво треба да се стекнат вкупно од 60 до 120 кредити.



A Project implemented by the British Council and its consortium partners
Project contacts: British Council Macedonia
Address : Bul. Goce Delcev 6, PO Box 562, 1000 Skopje
Tel : +389 (0) 2 3135 035

- **Ниво V, под-ниво VA** се однесува на кратки стручни студиски програми во високото образование и учесниците добиваат уверение. За ова под-ниво треба да се стекнат вкупно од 60 до 120 ЕКТС кредити.
- **Ниво VI, под-ниво VIБ** се однесува на кратки стручни студиски програми во високото образование и учесниците добиваат диплома. За ова под-ниво треба да се стекнат вкупно 180 ЕКТС кредити.
- **Ниво VI, под-ниво VIA** се однесува на тригодишни и четиригодишни додипломски студии и учесниците добиваат диплома. За ова под-ниво треба да се стекнат вкупно 240 ЕКТС кредити.
- **Ниво VII, под-ниво VIIA** се однесува на магистерски студии и учесниците добиваат диплома. За ова под-ниво треба да се стекнат вкупно 60-120 ЕКТС кредити.
- **Ниво VII, под-ниво VIIБ**се однесува на специјалистички студии и учесниците добиваат диплома. За ова под-ниво треба да се стекнат вкупно 60 ЕКТС кредити.
- **Ниво VIII** се однесува на докторски студии и учесниците добиваат диплома.

**Неформалното учење се однесува на обука за стекнување на квалификации или дел од квалификации со ниво кое може да одговара на ниво I до ниво VБ според нивото на сложеност согласно со стандардите на занимања.**По завршувањето, учесниците добиваат**свидетелство**.ЕЦВЕТ кредитите сè уште не се применуваат на овие квалификации согласно со Законот за МРК.Интегрираните студии од прв и втор циклус на студии се однесуваат на квалификации кои водат кон звања за вршење на регулирани професии.Во моментов тие не се дел од Македонската рамка на квалификации.Одлуките за нивно вклучување во МРК се во тек.

Кредитниот систем во Македонската рамка на квалификации. Законот за НРК дефинира три видови на кредитни системи:

• **ЕКТС кредити** во високото образование (еденЕКТС кредит опфаќа 30 работни часа во траење од по 60 минути).

• **ЕЦВЕТкредити** во стручното образование и обука (еден ЕЦВЕТ кредит опфаќа 25 работни часа во траење од по 45 минути).Оваа дефиниција може да се ревидира – во моментов е предмет на дискусија покрената од меѓународното искуство и проектот за ЕЦВЕТ во земјата.

• **МКСОО**[6] за кредити во основнообразование и општо средно образование (еден МКСОО кредит опфаќа 25 работни часа во траење од по 45 минути).

**Табела 3:Дескриптори на нивоа во МРК и резултати од учењето според нивоа**[7]

| МРК ниво | Под-ниво | Знаење и разбирање | Вештини | Компетенции | Кредити | ЕРК ниво |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | | Демонстрира систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле во согласност со највисоките меѓународни стандарди; Поседува знаење стекнато со сопствено истражување или работа со кое дава значаен придонес во професионалното и научното поле на истражување, но и | Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет; Го користи своето знаење како основа за оригинални идеи и истражувања кои ги надминуваат постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и на меѓународни рецензирани публикации; Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови | Презема максимална одговорност за резултатите од својата сопствена работа, но и за работата на другите во групата; Презема одговорност за раководење со комплексни процеси, со истовремена грижа за професионалниот развој на поединецот и на групата во целина. | Најмалку 180 ЕКТС кредити | 8 |

[6] Македонски кредит систем за општо образование

[7] Оваа табела е транскрибирана од официјалниот извештај за референцирање со ЕРК на Македонската рамка на квалификации и Само-сертификација според Рамката на квалификации на Европскиот високообразовен простор - QF-EHEA, 2016.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во<br>сродните на него полиња. | и сложени идеи неопходни за решавање на сложени проблеми во полето на истражување;<br>Способност за независно иницирање и учество во национални и во меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет;<br>Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле;<br>Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење;<br>Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза. | | | |
| **VII** | VII A | Покажува знаење и | Способност за критичко, независно | Покажува значителна | Од 60 до 120 | 7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | разбирање за научното поле на проучување кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање на сложени проблеми како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето; Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или во повеќе специфични научни полиња; Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се засноваат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле, како и способност за поврзување на проширено и продлабочено | и креативно решавање на проблеми со одредена оригиналност во нови или во непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање; Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето и за справување со сложени прашања, систематски и креативно; Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија врз научна основа; Способност за препознавање на личната потреба за натамошно знаење и способност за независно и самостојно дејствување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки; Способност за размена на | одговорност за сопствените и заедничките резултати, за водење и иницирање на активности; Способност за солидно проценување дури и при нецелосни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и процена; Способност за преземање на одговорност за натамошен професионален развој и усовршување како сопствен, така и за групата со која соработува. | ЕКТС кредити | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | знаење во сродни професии или научни полиња. | заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено. | | | |
| | VII Б | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање на сложени проблеми како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето; Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или во повеќе специфични научни полиња; Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во | Способност за критичко, независно и креативно решавање на проблеми со одредена оригиналност во нови или во непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање; Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето и за справување со сложени прашања, систематски и креативно; Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија врз научна основа; Способност за | Покажува значителна одговорност за сопствените и заедничките резултати, за водење и иницирање на активности; Способност за солидно проценување дури и при нецелосни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и процена; Способност за преземање на одговорност за натамошен професионален развој и усовршување како сопствен, така и за групата со која соработува. | 60 ЕКТС кредити | 7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | дадените научни полиња, се засноваат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле, како и способност за поврзување на проширено и продлабочено знаење во сродни професии или научни полиња. | препознавање на личната потреба за натамошно знаење и способност за независно и самостојно дејствување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки; Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено. | | | |
| **VI** | VI A | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија; Разбирање на одредена област и познавање на | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата; Покажува способност за идентификација, анализа и решавање на проблеми; Способност за пронаоѓање и поткрепување на аргументи во рамките на професијата или полето на студирање; Способност да прибира, анализира, оценува и | Презема одговорност за сопствените резултати и поделена одговорност за колективните резултати; Способност за независно учество со професионален пристап во специфични научни и интердисциплинарни дискусии. Донесува соодветна процена земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти. | 240 ЕКТС кредити | 6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење. Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии неопходни за пошироката област на истражување. | презентира информации, идеи и концепти од соодветни податоци; Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение; Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување натамошно знаење и учење со висок степен на независност; Способност да општи и да расправа за информации, идеи, проблеми и решенија, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани како со стручна така и со нестручна јавност. | | | |
| | VI Б | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата; Покажува способност за идентификација, анализа и решавање на проблеми; | Презема одговорност за сопствените резултати и поделена одговорност за колективните резултати; Способност за независно учество со професионален пристап во | 180 ЕКТС кредити | 6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија; Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење. Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии неопходни за пошироката област на истражување. | Способност за пронаоѓање и поткрепување на аргументи во рамките на професијата или полето на студирање; Способност да прибира, анализира, оценува и презентира информации, идеи и концепти од соодветни податоци; Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение; Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување натамошно знаење и учење со висок степен на независност; Способност да општи и да расправа за информации, идеи, проблеми и решенија, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани како со стручна така и со нестручна јавност. | специфични научни и интердисциплинарни дискусии. Донесува соодветна процена земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти. | | |
| **V** | V A | Покажува знаење и | Применува вештини кои се засноваат на | Има повисок степен на лична и | Од 60 до 120 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | разбирање во полето на студирање или работа кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна литература; Поседува специјалистичко, теоретско и стручно знаење и разбирање на одделни основни теории од потесна научна и стручна област. Поседува ограничено знаење од современите текови во областа во која работи или студира кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за натамошни студии за да се заврши првиот циклус. | разбирање на теоретските принципи и на нивната примена во решавањето на проблемите и во извршувањето на сложени и специфични задачи во полето на работа и учење, со избор и употреба на релевантни податоци, методи, постапки, техники, инструменти, уреди, алати и материјали; Има вештини за учење за да може да преземе натамошни проучувања со определен степен на независност; Поседува способност да општи и расправа со целни групи од потесната професија или област на учење, со колеги, претпоставени и клиенти. | деловна одговорност и вреднување на сопствената работа и работата на групата врз основа на критериумите во областа на трудот; Способен е за пренесување на знаења на другите, организирање, информирање и контрола на сопствената работа и работата на другите; Презема одговорност за сопствените резултати но и поделена одговорност за активностите, резултатите и работењето на другите во групата. | ЕКТС кредити | |
| | V Б | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање или работа кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со | Применува вештини кои се засноваат на разбирање на теоретските принципи и на нивната примена во решавањето на проблемите и во извршувањето на сложени и специфични задачи | Има повисок степен на лична и деловна одговорност и вреднување на сопствената работа и работата на групата врз основа на критериумите во областа на трудот. | Од 60 до 120 ЕЦВЕТ кредити | 5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | стручна литература. Поседува специјалистичко, теоретско и стручно знаење и разбирање на одредени основни теории од потесна научна и стручна област. Поседува ограничено знаење од современите текови во областа во која работи или студира кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за натамошни студии за да се заврши првиот циклус од високото образование. | во полето на работа и учење, со избор и употреба на релевантни податоци, методи, постапки, техники, инструменти, уреди, алати и материјали. Има вештини за учење за да може да преземе понатамошни со определен степен на независност. Поседува способност да општи и расправа со целни групи од потесната професија или област на учење, со колеги, претпоставени и клиенти. | Способен е за пренесување на знаења на другите, организирање, информирање и контрола на сопствената работа и работата на другите. Презема одговорност за сопствените резултати, но и поделена одговорност за активностите, резултатите и работењето на другите во групата. | | |
| IV | Познава концепти, принципи и процеси од учените предмети и области. Поседува систематични теоретски и стручни знаења во рамките на определено подрачје на трудот или учењето, кои вклучуваат | Поседува различни когнитивни, практични и креативни вештини засновани на теоретски знаења и принципи неопходни за учењето и работата и решавање на проблеми во променливи услови во одредено подрачје на трудот или учењето; | Самостојно ја планира, организира и ја води својата работа и врши надзор на заедничката работа; Самостојно извршува сложени задачи и решава проблеми, прилагодувајќи го своето однесување во согласност со | 240 ЕЦВЕТ или МКСОО кредити | 4 |

**Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | анализирање и поврзување на фактите и теоретските принципи при извршување на работата, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | Оспособен е да прибира, анализира, селектира и да употребува релевантни информации од различни извори, алатки, методологии, техники и материјали во областа на учењето; Оспособен е да изведува сложени постапки и да употребува методи, инструменти, алати, постројки и материјали во работниот процес; Комуницира и соработува со групата во променливи услови. | дадените насоки во променливи услови; Одговорен е за сопствената работа и за работата на групата во насока на вреднување на резултатите од работата и унапредување на квалитетот во согласност со однапред утврдени стандарди и критериуми. | | |
| **III** | Поседува теоретски и систематски усвоени стручни знаења, факти, принципи, процеси и општи концепти за одделно подрачје на трудот или учењето, а во исто време овозможува натамошно учење. | Поседува практични и креативни вештини кои овозможуваат решавање на познати (предвидливи) и помалку познати (непредвидливи) ситуации; Извршува работи и задачи кои се со средна сложеност, помалку стандардизирани и релативно прегледни; Користи различни уреди, алатки, опрема и материјали во процесот на производство и во услугите; | Планира, подготвува, организира и ја вреднува својата работа врз основа на однапред дадени овластувања во рамките на делокругот на својата работа; Извршува работи кои не се секогаш однапред дефинирани, со одреден степен на самостојност и одговорност. | 180 ЕЦВЕТ кредити | 3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Комуницира и соработува со групата. | | | |
| II | Поседува основни теоретски и стручни знаења потребни за познавање на подрачјето на трудот и може да ги примени при извршување на едноставни работни задачи, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | Поседува практични и креативни вештини за извршување на едноставни или или помалку сложени и однапред дефинирани работи во познати услови и предвидливи ситуации. Користи едноставни методи, алати, инструменти, уреди и материјали врз основа на детални упатства; Комуницира и соработува со одделни лица. | Работи самостојно во познати услови под повремен надзор и со ограничена одговорност за извршување на работните задачи; Остварува едноставна комуникација и соработка со дел од вработените во познати ситуации. | Од 60 до 120 ЕЦВЕТ кредити | 2 |
| I | Поседува основно знаење за функцијата на одредени предмети и појави со можност да ги примени во практиката и другите дисциплини, а во исто време овозможува и натамошно учење. | Поседува основни вештини за извршување на едноставни работи; Користи едноставни методи, алати и инструменти со упатства и под надзор; Поседува општи правила на комуникација. | Извршува едноставни задачи под директен надзор; Презема одговорност за извршување на едноставни задачи. | | 1 |

## 5.3Европски кредит трансфер систем Европски кредит трансфер систем за стручно образование и обука (ЕКТС и ЕЦВЕТ)

**ЕКТС** е систем ориентиран на ученикот за акумулирање и трансфер на кредити, врз основа на принципот на транспарентност на процесите на учење, предавање и оценување.Неговата цел е олеснување на планирањето, реализирањето и оценувањето на студиските програми и мобилноста на учениците преку признавање на постигнатото учењеи квалификациите од учењето и периодите на учење.ЕКТС кредитите го изразуваат обемот на учење базиран на утврдените резултати од учењето и обемот на работа поврзан со истите.60 ЕКТС кредити се доделуваат на резултатите од учењето и поврзаниот обем на работаза редовни студии во текот наакадемската година или на еквивалент.ЕКТС кредитите главно се изразуваат со цели броеви.*Доделување на кредити*во ЕКТС е процес на доделување одреден број на кредити на квалификации, програми за стекнување на одреден степен или поединечни образовни компоненти.Кредитите се доделуваат на цели квалификации или програми во согласност со националното законодавство или практика, каде што е соодветно и во врска со Националната и/или Европската рамка на квалификации. Тие се доделуваат на образовни компоненти, како што се курсеви, дисертации, учење базирано на работа и пракса, каде што како основа се зема доделувањето на 60 кредити за редовни студии во текот на академската година, според проценетиот обем на работа којшто е потребен да се постигнат утврдените резултати од учењето за секоја компонента. ЕКТС: Резултатите од учењето се искази коишто можат да се проверат и тие покажуваат што поединецот *знае, разбира и може да прави по завршувањето на процесот на учење.* (…) Резултатите од учењето се припишуваат на поединечни образовни компоненти и програми во целост.Тие исто така се користат и во Европската и националната рамка на квалификации за опишување на нивото на поединечна квалификација.

**ЕЦВЕТ** е техничка рамка за трансфер, признавање и, каде што е соодветно, акумулирање на резултати од учењето на поединците со цел стекнување на квалификација.ЕЦВЕТ има за цел да го олесни признавањето на резултатите од учењето во согласност со националното законодавство, во рамките на мобилноста, за цели на стекнување на квалификација.ЕЦВЕТ се базира на поделба на квалификациите на единици и на опишување на резултатите од учењето на секоја единица со помош на трите дескриптори на ЕРК; знаење, вештини и компетенции, при што јасно се утврдува нивото на референцирање со ЕРК.Квалификациите и единиците се претставуваат со конкретен број на кредити.Кредитите го

изразуваат обемот на резултатите од учењето во секоја единица и обезбедуваат информации за релативната тежина на единиците коишто ја сочинуваат квалификацијата. „Кредит за резултати од учењето“ (кредит) значи збир нарезултати од учењето на поединец коишто се оценети и коишто можат да се акумулираат за стекнување на квалификација или да се пренесат на други програми за учење или квалификации.„ЕЦВЕТ поени“ значи нумеричко претставување на целокупната тежина на резултатите од учењето во една квалификација и на релативната тежина на единиците поврзани со квалификацијата.*ЕЦВЕТ поените се доделуваат* на една квалификација во целост и на нејзините единици.Доделувањето на ЕЦВЕТ поени на една квалификација се базира на користење на договор според којшто 60 поени се доделуваат на резултати од учењето коишто се очекува да бидат постигнати за една година на формални редовни студии за СОО.Како што е наведено во Препораката, „за дадена квалификација, еден формален контекст на учење се зема како референца и, врз основа на договорот, вкупниот број на поени се доделува на таа квалификација. Од овој вкупен број на поени, ЕЦВЕТ поените се доделуваат на секоја единица според нејзината релативна тежина во рамките на квалификацијата.“ ЕЦВЕТ: Изјави за тоа што поединецот *знае, разбира и може да прави по завршувањето на процесот на учење* и коишто се утврдени во поглед на знаењето, вештините и компетенциите, можат да се оценуваат и валидираат. Европската рамка на квалификации (ЕРК) ги утврдува резултатите од учењето во поглед на:

- знаењето
- вештините
- компетенциите

## 5.4Квалификации и стандарди на занимања

**Стандардите на занимања** претставуваат основа за развој на стандарди на квалификации и програми за систем на формално образование и обука.Тие претставуваат

почетна точка на којашто се базираат системите на формално и неформално стручно образование.

Стандардите на занимања се составени од работни активности во рамките на одредено занимање (профил на занимање) и опис на знаењето, вештините и компетенциите коишто се потребни за ефикасна работна активност и соодветен производ од трудот во рамките на занимањето.

Стандардите на занимања ги развиваЦентарот за стручно образование и обука во соработка со социјалните партнери, работодавачите и другите субјекти заинтересирани за стручно образование и обука.

**Профил на занимање** се креира врз основа на евидентирање на работниот процес и опишување на знаењето, вештините и способностите (работни компетенции) коишто едно лице треба да ги поседува за успешно да ги заврши работните задачи.Профилот на занимање е основата за развивање стандарди на занимања и истиот претставува нивен дополнителен дел.

**Квалификација**, според препораките на Европскиот совет за развој на Европската рамка на квалификации, значи формален резултат од процес на оценување и валидација којшто се добива кога надлежен орган ќе утврди дека еден поединец ги постигнал резултатите од учењето според дадени стандарди.Во МРК, квалификација се дефинира како формален резултат од процес на оценување којшто се добива кога надлежен орган ќе утврди дека еден поединец постигналодредени резултати од учењето врз основа на даден стандард.

Двете дефиниции ја нагласуваат идејата за стандардизација на квалификациите како резултат на синергијата помеѓу пазарот на труд и образованието и обуката.Главната причина за стандардизација на квалификациите е транспарентноста, осигурувањето на квалитет и креирање основа за валидација на неформалното и информалното учење.

Квалификациите се наоѓаат некаде помеѓу областа на работа и областа на образованието.Стандардите на занимања и образовните стандарди (резултати од учењето) се интегрирани во квалификацијата, т.е. тие се заемно поврзани и ја утврдуваат врската помеѓу бизнис секторот и образовниот сектор.

Квалификација е формален термин за сет компетенции на одредено ниво, степен, профил и квалитет и се докажува со диплома или друга форма на сертификат доделен од

овластена институција.Нивото на квалификација ја претставува комплексноста и постигнувањето на стекнатите компетенции.Таа содржи краток опис на стекнатите знаења, вештини и ставови коишто се потребни за извршување на одредена работна активност.

Квалификацијата се доделува со диплома кога овластениот орган/институција ќе потврди дека поединецот ги постигнал резултатите од учењето според утврдените стандарди.Дипломата (или друга форма на сертификат) претставува формален документ којшто претставува вреднување на резултатите од учењето на пазарот на труд или/и во образованието и обуката.

Квалификациите можат да се добијат преку програми за формално образование, неформални курсеви и информално учење.Таа треба да ги исполнува наложените критериуми за верификација на квалификациите, да содржи мерливи резултатите од учењето, да подлежи на оценување со сигурен квалитет и да води кон диплома/сертификат.

**Стандардите на квалификации** се дефинирани во форма на конкретни норми и карактеристики коишто го регулираат процесот на доделување квалификации.Стандардот на квалификации, заедно со систематскиот опис на занимањата од коишто се состои, ги поедноставува квалификациите на ниво на реалност и релевантност кон пазарот на труд, при што, истовремено, осигурува информации за профилот на занимања.

Стандардот на квалификации е формален документ којшто се базира на стандарди на занимања и ги дефинира содржината и структурата на конкретна квалификација и, исто така, ги содржи сите податоци потребни за утврдување на нивото, степенот и типот на квалификација, како и податоците потребни за осигурување и подобрување на квалитетот на квалификацијата. Оттука, стандардите на квалификации претставуваат широко прифатен стандард којшто претставува основа за развој на програми за образование и обука за стекнување на одредени квалификации.

Стандардите на квалификации ги развиваЦентарот за стручно образование и обука врз основа на специјална Методологија за развивање на стандарди на квалификации.

## 5.5.Цели на програмата и резултати од учењето

**Резултатите од учењето**се дефинирани како искази за тоа што ученикот знае, разбира и може да направи по завршувањето на процесот на учење, а кои се дефинирани како знаење, вештини и компетенции.

Резултатите од учењето се дел од стандардите на квалификации и даваат јасна и транспарентна слика за компетенциите што се стекнуваат по завршувањето на одредена програма.Тие обезбедуваат транспарентност, споредба, признавање и трансфер на квалификациите во различни образовни институции на национално и меѓународно ниво (кредит системи и рамка на квалификации), како и во процесот на доживотно учење.

Стандардизацијата на квалификациите врз основа на јасни понуди за стекнување и оценување на *резултатите од учењето* обезбедува големи можности за признавање и оценување на неформалното и информалното учење.Овој вид на признавање и оценување на претходното и искуственото учење стекнато по неформален или информален пат се базира на посебен систем (методологија) за акредитација и сертификација на претходно учењеподготвени од страна на Националниот одбор за квалификации.

**Цел на учењето** е „исказ за тоа што учениците ќе можат да направат по завршувањето на наставата.“[8]Целите се:

1. Поврзани со очекуваните резултати, а НЕ процеси;
2. Конкретни и мерливи, а НЕ општи и апстрактни;
3. Однесуваат на возрасни ученици, а НЕ на обучувачите/едукаторите.

**Целите на учењето** обично вклучуваат:

1. **Изведба или однесување.** Што се очекува ученикот да може да направи или да произведе?Ова ги одразува компетенциите кои ќе бидат научени во однос на изведбата.Изведбата и однесувањето треба да биде очигледни, видливи и мерливи.

[8] Arreola, R. (1998), *Пишување на цели за учење,*Универзитетот на Тенеси: Мемфис.

2. **Услови.** Како ќе се покажат компетенции или знаења?Ова може да вклучува специфични информации кои ученикот треба да ги користи или листа на алатки, препораки или помагала кои ќе му бидат на располагање на ученикот за да покаже исполнување на целта.
3. **Критериум или степен.**Која конкретна група на критериуми мора да бидат исполнети за да се покаже дека е совладан материјалот.Ова значи ниво на изведба.

Како да напишете **цели на учење**:

1. Вклучете конкретен, мерлив глагол кој значи резултат од учење што може да се покаже.
2. Осигурете дека секоја цел содржи планирана изведба/однесување, услови за покажување компетенции, и критериум/ степен на изведба.
3. Стремете се кон повисок начин на размислување (нивоа на анализа, синтеза и евалуација), кога е применливо. Таксономија на Блум за пишување на цели на учење.[9]

Стандардни глаголи за опис на учењето според таксономијата:

- ***Знаење***Ги памти претходно научените содржини: уредува, дефинира, опишува, истражува, препознава, репродуцира.
- ***Разбирање*** *Го в*ладее значењето на содржините: класифицира, заклучува, споредува, разликува, открива, дискутира, објаснува, навестува, предвидува, поврзува, претставува, сумира.
- ***Примена***Го применува или користи наученото во нови ситуации: применува, артикулира, проценува, пресметува, гради, покажува, развива, воспоставува, испитува, илустрира, спроведува, мери, применува, презентира, одбира, решава.
- ***Анализа***Испитува концепти и ги разложува на составни компоненти: анализира, проценува, поврзува, карактеризира, споредува, утврдува, дијагностицира, разликува, опишува, утврдува приоритет, истражува, тестира.

[9] Ibid.

- ***Синтеза***Ги реорганизира информациите на уникатен или нов начин за да реши одреден проблем: прилагодува, составува, комуницира, собира, спроведува, креира, дизајнира, подготвува, формулира, генерализира, интегрира, врши, произведува, синтетизира, теоретизира, потврдува.
- ***Евалуација***Носи одлуки со помош на стандарди на проценка: тврди, оценува, споредува и прави контраст, критикува, брани, оценува, толкува, оправдува, докажува, препорачува, поддржува, вреднува.

Целите на учењето и резултатите од учењето се два различни концепти: **Целите на учење** се фокусираат на она што едукаторот треба да ги научи учениците, а **резултатите од учењето** се фокусираат на она што учениците го научиле на крајот на образованиот процес. Целите на учењето се ориентирани кон целта, а резултатите од учењето се ориентирани кон резултатите и лесно можат да се оценат (измерат).Основната интенција на наставата и учењето на возрасните е да се промени фокусот на образованието од едукаторот и неговите цели, кон учениците и нивните достигнувања (резултати).

При утврдувањето на целите на учење и резултатите од учењето треба да се има предвид дека целите на учењето обично се опишуваат со глаголски именка (на пр. подготвување, насочување, водење, итн.), а резултатите од учењето се опишуваат со активни глаголи (е способен, може да спроведе, и др.)

Компетенциите се дефинираат како докажана способност за примена на знаење, вештини и лични, социјални и/или методолошки способности, на работа или при учење и за професионален и личен развој.Во контекст на Европската рамка на квалификации, компетенцијата е опишана во смисла на одговорност и самостојност.

Според дефиницијата на Европската Комисија, **клучните компетенции за доживотно учење** се комбинација на знаење, вештини и ставови соодветни на контекстот.Тие се особено

потребни за лична исполнетост и развој, социјална инклузија, активно граѓанство и вработување.[10]

Клучните компетенции се од суштинско значење во општество базирано на знаење и гарантираат поголема флексибилност на работната сила, со што се овозможува таа побрзо да се адаптира на постојаните промени во сè повеќе меѓусебно поврзаниот свет.Исто така тие се главен фактор за иновативноста, продуктивноста и конкурентноста и придонесуваат кон мотивација и задоволство на работниците и квалитетот на работата.

Има осум клучни компетенции кои вклучуваат опис на суштинското знаење, вештини и ставови кои се поврзани со секоја од нив: Овие клучни компетенции се:

- **Комуникација на мајчин јазик,** што претставува способност за изразување и толкување на концепти, мисли, чувства, факти и мислења во усна и писмена форма (слушање, зборување, читање и пишување) и лингвистичка интеракција на соодветен и креативен начин во рамките на целосниот опсег на општествени и културни контексти;
- **Комуникација на странски јазик,** што вклучува, покрај главните вештини на комуникација на мајчин јазик, медијација и интеркултурно разбирање. Нивото на владеење зависи од повеќе фактори и способноста за слушање, зборување, читање и пишување;
- **Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата.** Математичка компетенција е способност за развивање и примена на математичко размислување со цел да се решат разни проблеми во секојдневни ситуации, со акцент на процесот, активноста и знаењето. Основни компетенции во областа на науката и технологијата се однесува на совладување на материјалот, користење и примена на знаење и методологии што го објаснуваат природниот свет. Ова вклучува разбирање на промените предизвикани од човечка активност и одговорноста на секој поединец како граѓанин;

[10] Препорака 2006/962/EC на Европскиот парламент и на Советот од 18 декември 2006 година за клучните компетенции за доживотно учење [Службен весник L 394 од 30.12.2006 год.].

- **Дигитални компетенции** вклучува сигурна и клучна употреба на технологија на информатичко општество (ТИО) и основни вештини за информатички и комуникациски технологии (ИКТ);
- **Учење како да учи** е поврзано со учење, способност да го спроведе и организира сопственото учење, било поединечно или во групи, во согласност со сопствените потреби и свесност за методите и можностите;
- **Социјални/општествени и граѓански компетенции.** Социјалните компетенции се однесуваат на лична, меѓучовечка и интеркултурна компетенција и сите форми на однесување кои ги подготвуваат поединците да учествуваат на ефективен и конструктивен начин во општествениот и работниот живот; Тие се поврзани со личната и социјалната добросостојба. Разбирање на кодексите на однесување и обичаите во различните средини во кои работат поединците е од суштинско значење. Граѓанските компетенции, а особено познавањето на социјалните и политичките концепти и структури (демократија, правда, еднаквост, граѓанство и граѓански права) им овозможуваат на поединците да се ангажираат во активна и демократска партиципација;
- **Чувство за преземање иницијатива и претприемништво** е способност за претворање на идеите во активности. Тоа вклучува креативност, иновација, преземање ризици, како и способност за планирање и управување со проекти со цел да се исполнат целите. Поединецот е свесен за контекстот на неговата работа и може да ги искористи можностите како што се појавуваат. Тоа е основата за стекнување на поконкретни вештини и знаење што се потребни од страна на оние кои воспоставуваат или придонесуваат кон социјалната или комерцијалната активност. Ова треба да вклучува свесност за етичките вредности и промовирање на добро управување;
- **Културолошка свест и изразување,** што вклучува разбирање на важноста на креативното изразување на идеи, искуства и емоции во разни медиуми (музика, изведувачка уметност, литература и визуелна уметност).

Сите овие клучни компетенции се меѓусебно зависни и акцентот во секој случај е ставен на критичко размислување, креативност, иницијатива, решавање на проблеми, проценка на ризици, одлучување и конструктивно управување со чувства.[11]

Клучните компетенции се однесуваат на целата наставна програма и не можат да се поврзат со одредени предмети или модули.Се претпочита да бидат интегрирани во секој модул.

## 5.6Оценување на резултатите од учењето

Резултатите од учењето и процесот на оценување се меѓусебно поврзани.Само добро дефинирани резултати од учењето можат да водат кон објективно оценување на постигнувањата на учениците.  Едукаторите можат да користат различни методи за оценување на резултатите од учењето:  тестирање, пишување есеи, работа на проекти, устен испит, писмен испит, практични задачи, портфолио, интервју, презентација, практични демонстрации, итн. Важно да се избере вистинскиот метод за оценување што зависи од содржината на оценувањето, карактеристиките на учениците и дали очекуваните резултати од учењето можат да се измерат со тој метод.

При дефинирањето на критериумите за оценување, како и методот за оценување, се користи Блумовата таксономија.  Методите на оценување се дизајнирани на начин да може да се оценат резултатите од учењето на различни нивоа (од репродуцирање до оценување и креирање ново).

Постојат различни типологии за категоризирање  на методите на оценување.  Најчестата диференцијација на методите на оценување се базира на критериумите за тоа *како се собираат докази за учењето*:  директно, индиректно или од трет извор (надворешен). Доказите за учењето на ученикот (информации за нивните достигнувања) можат да се собираат директно со **набљудување**, индиректно преку **испитувања** (писмено или усно) и со **анализирање** на производот (производот на ученикот).

[11] Ibid.

Оценувањето на постигнувањата на ученикот и на резултатите од учењето има неколку функции: дијагностичка, формативна и сумативна (финална).

**Дијагностичката функција** е поврзана со следење и оценување на достигнувањата што обично се врши на почетокот на процесот на учење.Овој тип на првично тестирање служи за откривање на вештини, интереси, искуство и пречки на учениците и тоа овозможува ефикасно планирање на процесот на учење.

**Формативната функција** обезбедува информации за напредокот на ученикот во процесот на учење.Едукаторот ја набљудува работата и активностите на ученикот и го проценува неговото /нејзиното ниво на постигнувања, знаење, вештини иставови.Добро е кога ученикот ги знае резултатите од учењето кои тој / таа треба да ги постигне и да добие повратни информации од едукаторот за својата работа.Формативното оценување му обезбедува информации на едукаторот и за неговата работа.Тој може да изврши самоевалуација на својата работа со мерење на постигнувањата на ученикот.

**Сумативната функција** се однесуваа на конечното оценување што обично се врши на крајот на образованиот процес со цел да се потврди дали ученикот ги постигнал очекуваните резултати од учењето и стекнал одредени компетенции во рамките на одредена квалификација или образовен профил. Обично сумативно оценување се користи пред да се издаде формален документ (диплома, сертификат).

Во процесот на учење, важно е да се создаде рамнотежа меѓу формативното и сумативното оценување.

## 5.7Методи и техники во областа на образованието и обука за возрасни

Добро е познато дека образованието на возрасни се разликува од образованието на децата.Тоа е причината зошто учењето на возрасните не може да се сведе на истите методи, техники и принципи како за учење на деца.Психолошките, социјалните и карактеристиките

поврзани со учењето на возрасните, треба да бидат основа за она на што едукаторот треба да се фокусира на при изборот на соодветен метод за учење и/или техника.

Интерактивното образование, што е суштината на процесот на образование на возрасни претставува дидактичко моделирање на образовниот процес, каде интеракцијата ученик-едукатор и ученик-ученик е доминанта што овозможува процесот на учење да биде активна конструкција на компетенциите за возрасни ученици. Овој вид на настава бара високо образовни и дидактички компетенции на едукаторите на возрасните со посебен акцент на групната динамика и методиката.

При креирањето на класификација на методите и техниките за учење земени се предвид различни критериуми поради што е речиси невозможно да се направи детален преглед на богатиотдијапазон на формите, методите и техниките на учење на возрасните. Но, сепак постојат некои работи кои едукаторите на возрасни треба да ги имаат на ум:  методите треба да бидат соодветни на содржината на учење, карактеристиките на ученикот во однос на учењето и вредностите коишто ги промовира образовниот процес. Во поширока смисла методите и техниките треба да бидат во корелација со целите на учењето и резултатите од учењето, додека во поширока смисла тие треба да се фокусираат на реализација на општите и специфичните цели на програмата, односно компетенциите кои се опишани во образовната програма.

При изборот на соодветен метод и/или техника, едукаторот на возрасни треба:

- да биде сигурен дека избрал соодветен метод  или техника за учење;
- да биде во можност да ги предвиди резултатите од учењето со примена на одреден метод / техника;
- да биде свесен за потребата од претходно знаење при примената на одреден метод / техника;
- да ги има предвид времето, просторот и материјалите што се потребни за спроведување на одреден метод / техника;
- да биде сигурен дека методот / техниката обезбедува најефикасна и најекономична реализација на целта на учењето;

- да биде свесен дека постојат специфични вештини и способности кои ученикот треба да ги поседува, со цел да се реализира методот / техниката на учење;
- да ги избегнува оние методи / техники на учење кои предизвикуваат непријатност кај учениците;
- да биде елоквентен кога дава инструкции за спроведување на одреден метод / техника.

Во Табела 4 подолу се претставени најчестите методи и техники за образование на возрасни со краток опис.

**Табела 4: Најчести методи и техники во областа на образованието и обука за возрасни**

| Методи/техники | Опис |
|---|---|
| **Фронтална настава (работат заедно)** | Формално усно излагање каде едукаторот дава информации и знаење преку поврзување на идеи, теми и факти. |
| **Тимска работа** | Учениците работат во парови разменувајќи информации, мислења, идеи и решенија. Еден член на тимот ги презентира заклучоците на тимот пред целата група. |
| **Решавање на проблеми** | Едукаторот внимателно поставува проблем кој возрасните ученици треба да го решат со помош на инструкциите од едукаторот. При изборот на проблемот, едукаторот треба да го има предвид претходното знаење, вештините и ставовите на учениците. |
| **Студија на случај** | Измислен или вистински случај за набљудување и/или решавање со помош на инструкциите од едукаторот. |
| **Демонстрирање** | Едукаторот покажува одредена техника, постапка или метод, или дава инструкции како практично да се изврши одредена работа/ активност. Потоа учениците ги извршуваат и практикуваат работата / активноста. |
| **Проект** | Учениците подготвуваат и реализираат проектна задача со помош на упатствата од едукаторот, каде што применуваат одредени постапки, истражувачки техники, принципи, вештини, знаење, итн. Резултатите од проектот се презентираат пред целата група. |
| **Играње улоги** | Учениците дејствуваат според сопствено замислено сценарио или вистински улоги со примена на реално |

| | |
|---|---|
| | однесување во одредени ситуации. Варијација на техниката би било да се побара од учениците да ги сменат улогите. |
| **Презентација** | Учениците поединечно или во групи ја презентираат својата работа (анализа на литература, истражување, проект, практична задача, итн.), на одреден начин, со користење на различни методи, техники и опрема (технологија). |
| **Е - учење** | Учениците користат некои од програмите за е-учење, интернет како ресурс и / или онлајн комуникација: блог, форум, е-конференција, вебинар, итн. |
| **Ментална слика** | Студентите ја разложуваат содржината за учење до самата срж (основен термин), кој потоа се разложува на „сателити“ (асоцијативни термини) кои исто така се разложуваат на повеќе конкретни термини. Оваа слика која е слична на овошката грозје, помага во елаборирањето на одредени содржини. |

Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK

# АНЕКС I

## Образец за примена на посебна програма за образование на возрасните

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

Назив на установата / институцијата за образование на возрасните

# УПАТСТВО ЗА ПРОВАЈДЕРИ НА ОБУКА

_______________________________________________________________

__________________ (место), 20___ година

**Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK**

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОСЕБНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Назив на програмата за ОВ** | Називот на програмата обично содржи основен термин и/или акроним за квалификацијата или занимањето на кое е базирана. Тој може да одговара на содржината на програмата како и на сертификатот за програмата. |
| 2 | **Сектор***(еден од 16-те наведени од МОН) | Во Република Македонија има 16 сектори на квалификации. Барателот треба да го наведе секторот(-ите) каде што припаѓа занимањето или дел(-ови) од занимањето.<br>• Геологија, рударство и металургија<br>• Градежништво и геодезија<br>• Графичка индустрија<br>• Економија, право и трговија<br>• Електротехника<br>• Здравствена и социјална заштита<br>• Земјоделство, рибарство и ветеринарна медицина<br>• Лични услуги<br>• Машинство<br>• Сообраќај, транспорт и складирање<br>• Текстил, кожа и слични производи |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Угостителство и туризам<br>• Хемија и технологија<br>• Шумарство и обработка на дрво<br>• Спорт и рекреација<br>• Уметност |
| 3 | **Поврзани стандард(и) на занимања***(доколку е директно поврзан со еден или повеќе) | Барателот треба да го наведе стандардот на занимање (доколку постои) и да се води според неговите критериуми при подготовката на програмата за образование на возрасните. |
| 4 | **Код на национално занимање*** | Барателот треба да го напише кодот на националното занимање (доколку има). |
| 5 | **Ниво на квалификација според МРК*** | Според МРК (македонската рамка на квалификации) неформалното учење се однесува на обука за стекнување на квалификации или дел од квалификации со ниво кое може да одговара од ниво I до ниво VБ според нивото на сложеност согласно со стандардите на занимања. По завршувањето, учесниците добиваат свидетелство или уверение. Во продолжение е дадено кратко објаснување за референтните кредити за нивоата од I до V:<br>• **Ниво I** се однесува на завршено основно образование. По завршувањето, учесниците добиваат свидетелство.<br>• **Ниво II** се однесува на формално стручно оспособување во траење до две години. По завршувањето, учесниците |

| | | |
|---|---|---|
| | | добиваат свидетелство (уверение) за стручно оспособување. Законот за НРК предвидува учесниците да добиваат помеѓу 60 и 120 ЕКССОО кредити.<br>• **Ниво III** се однесува на формално стручно образование за занимања во траење до три години. По завршувањето, учесниците добиваат диплома. Законот за НРК предвидува учесниците да добиваат 180 ЕКССОО кредити.<br>• **Ниво IV** се однесува на гимназиско образование, техничко образование или уметничко образование во траење од четири години. По завршувањето, учесниците добиваат диплома. Законот за НРК предвидува учесниците да добиваат 240 ЕКССОО или МКСОО (Македонски кредит систем за општо образование) кредити.<br>• **Ниво V, под-ниво VБ** се однесува на формално пост-средно образование (специјалистичко образование и мајсторски испит) и учесниците добиваат диплома за специјалистичко образование и диплома за мајсторски испит. За ова под-ниво треба да се стекнат вкупно од 60 до 120 кредити.<br>• **Ниво V, под-ниво VА** во формално образование се однесува на кратки стручни студиски програми во високото образование и учесниците добиваат уверение. За ова под-ниво треба да се стекнат вкупно од 60 до 120 ЕКТС кредити. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ЕРК има 8 нивоа и е компатибилно со македонската рамка на квалификации (за повеќе информации погледнете го целиот документ). |
| 6 | **Број на кредити** | Барателот доставува информации за бројот на кредити од кои се состои програмата. **ЕКССОО** кредити се користат во стручното образование и обука (еден ЕКССОО кредит опфаќа 25 работни часа во траење од по 45 минути). **МКСОО** (Македонски кредит систем за општо образование) се користи во основно образование и во општо средно образование (еден МКСОО кредит опфаќа 25 работни часа во траење од по 45 минути). |
| 7 | **Вкупен број на часови на учење** (теорија и пракса) | Се однесува на вкупниот број на работни часа на програмата. Тука треба да се наведе бројот на часови за теорија и бројот на часови за практична работа и обука. Соодносот меѓу теорија и пракса треба да се направи според видот на квалификацијата/занимањето. |
| 8 | **Критериуми за упис на учесникот во програмата** | Во овој дел се дадени информации за профилот на учесници кои ќе учествуваат во програмата. Тоа обично се однесува на нивото на образование, возраста, конкретното знаење, вештини и компетенции на учесниците. |
| 9 | **Вид на јавна исправа која ја стекнува учесникот** (ве молиме означете еден од трите понудени документи) | **1) Свидетелство** ☐<br>**2) Уверение** ☐<br>**3) Друго** ☐ |

| | | |
|---|---|---|
| | | Барателот треба да достави информации за видот на документ што ќе се добие по успешното завршување на образовната програма. Тоа обично е свидетелство за стекната квалификација или дел од квалификација, или може да биде уверение или потврда за стекнување на одредени вештини или компетенции. |

* Овие полиња треба да се пополнат доколку е можно.Кога МРК, стандардите и кодовите ќе станат конечни, овие полиња ќе треба задолжително да се пополнуваат.

## II. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УСТАНОВАТА / ИНСТИТУЦИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Назив на установата / институцијата за образование на возрасните** | |
| 2 | **Име и презиме на Менаџерот на установата / институцијата за образование на возрасните** | |
| 3 | **Податоци за контакт** | |
| | Адреса: | |
| | Телефонски број: | |
| | Е-маил: | |

Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK

| | | |
|---|---|---|
| 4 | **Име и презиме на програмскиот координатор** | |
| 5 | **Податоци за контакт** | |
| | Програма: | |
| | Телефонски број: | |
| | Е-маил: | |

## III. ОПИС, ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ/МОДУЛИ, РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕТО, РЕСУРСИ ЗА ПРОГРАМАТА

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Опис на програмата** | Треба да обезбеди информации за главните цели на учење на програмата, релевантноста на програмата за потребите на пазарот на трудот, модулите на програмата и кратко објаснување, времетраење на програмата, кредити на програмата, вертикална и /или хоризонтална проодност кон други образовни програми и нивоа и видот на сертификат што се доделува на крајот на програмата. |

Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 2 | **Максимален број на учесници по група** | Барателот треба да ги има предвид инфраструктурните и просторните капацитети, наставниот кадар и останатите дидактички средства кога ќе одлучува за максималниот број на учесници во програмата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | **План на програмата** | | |
| **Бр.** | **Модули**<br><br>Модулите се дел од програмата кои можат да бидат дел од една или | **Бр. на часови теоретска** | **Бр. на часови практична** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | повеќе квалификации и/или занимања. Модуларизацијата на образованието е клучен дел од ЕКССОО системот. | **настава** | **настава** |
| 1 | Модул 1 | Баратепот треба да го наведе вкупниот број на часови теоретска настава за модулот. | Баратепот треба да го наведе вкупниот број на часови практична настава за модулот. |
| 2 | Модул 2 | Баратепот треба да го наведе вкупниот број на часови теоретска настава за модулот. | Баратепот треба да го наведе вкупниот број на часови практична настава за модулот. |
| 3 | Модул 3 | Баратепот треба да го наведе | Баратепот треба да го наведе |

**Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | вкупниот број на часови теоретска настава за модулот. | вкупниот број на часови практична настава за модулот. |
| 4 | Модул 4 | Барателот треба да го наведе вкупниот број на часови теоретска настава за модулот. | Барателот треба да го наведе вкупниот број на часови практична настава за модулот. |
| | | | |
| **Вкупно часови** | | Барателот треба да го наведе вкупниот број на часови теоретска настава за сите модули. | |
| **Вкупно (вкупно часови теоретска и практична настава)** | | Барателот треба да го наведе вкупниот број на часови практична настава за сите | |

Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK

| | |
|---|---|
| | модули. |

| 4. | План за учење (Модули / Тематски целини / резултати од учењето / Критериуми за оценување) | | |
|---|---|---|---|
| Модул 1: | | Часови со теоретска настава | |
| | | Часови со практична настава | |
| | | | |
| Бр. | Модуларна единица | **Резултати од учењето**<br><br>Секоја програма треба да се базира на резултати од учењето односно искази за тоа што ученикот знае, разбира и може да направи по завршувањето на процесот на учење, а кои се дефинирани како знаење, вештини и компетенции. Резултатите од учењето | **Критериуми за оценување**<br><br>Оценувањето на резултатите од учењето е клучен дел за успешна програма. Многу е важно критериумите за оценување да бидат директно поврзни со резултатите од учењето, со што би се овозможила нивна проверка. Исто така, при дефинирањето на |

**Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | се дел од стандардите на квалификации и даваат јасна и транспарентна слика за компетенциите што се стекнуваат по завршувањето на одредена програма. Тие обезбедуваат транспарентност, споредба, признавање и трансфер на квалификациите во различни образовни институции на национално и меѓународно ниво (кредит системи и рамка на квалификации), како и во процесот на доживотно учење. Резултатите од учењето се ориентирани кон резултатите и лесно можат да се оценат (измерат). Тие се опишуваат со активни глаголи (е способен, може да спроведе, и др.) | критериумите за оценување, потребно е да се дефинираат што е можно поконкретно и кратко, а не опширно.При дефинирањето на критериумите за оценување, потребно е и да сенаведевидот на оценување (формативно или сумативно), времето на оценување (во текот на програмата, на крајот на секој модул, итн.). како и алатките за оценување (тестови, презентации, есеи, практична работа, демонстрации, итн.), кои зависат од видот на програмата и квалификацијата/занимањето што треба да се стекне (види точка 10). |
| 1 | | • | • |
| | | • | • |
| | | • | • |

Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | | • | • |
| | | • | • |
| | | • | • |
| 3 | | • | • |

| | | |
|---|---|---|
| **Модул 2: -** | **Часови со теоретска настава** | |
| | **Часови со практична настава** | |

| **Бр.** | **Тематска целина** | **Резултати од учењето** | **Критериуми за оценување** |
|---|---|---|---|
| 1 | | • | • |
| | | • | • |
| | | • | • |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | | • | • |
| | | • | • |
| 3 | | • | • |
| | | • | • |

Додадете повеќе модули доколку е потребно

**5. Форми на спроведување на процесот на настава и учење**

Барателот треба да ја избере формата(-ите), методот(-ите) и техниката(-ите) за спроведување на програмата. Образецот на програмата нуди различни форми и методи, но сепак барателот може да наведе други методи, техники или форми на настава и обука. Повеќе информации за методите и техниките за учење и настава на возрасни можете да најдете во целиот текст на упатството.

| **Форми на спроведување** | **Модул 1** | **Модул 2** | **Модул 3** | **Модул 4** | |
|---|---|---|---|---|---|
| Настава во училница/кабинет | | | | | |
| Практична настава | | | | | |
| Комбинирано учење | | | | | |
| Е-учење | | | | | |

Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Настава на далечина | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6. Методи на настава и учење** | | | | | |
| **Метод** | | | | | |
| Предавање | | | | | |
| Дискусии во група | | | | | |
| Набљудување | | | | | |
| Истражување/Откривање | | | | | |
| Учење преку симулации | | | | | |
| Учење насочено кон решавање на проблеми | | | | | |
| Практична настава во училница/кабинет | | | | | |
| Обука на работното место | | | | | |
| Индивидуална настава | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Самонасочено учење | | | | | |
| Посети/Студиски патувања | | | | | |
| Друго (ве молиме наведете): | | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | **Ресурси / опрема за настава и учење** | Во наставна опрема и помагала треба да се наведе секое наставно средство и опрема што е потребно за успешна реализација на образовната програма. Изборот на настава опрема и помагала зависи од содржината на програмата, видот на програмата и резултатите од учењето. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | **Наставен кадар** (Специјализации за настава, на пр. инструктори, тренери или професори/компетенции/квалификации) | Наставниот кадар треба да поседува одредена експертиза за да предава по програмата, како и соодветни компетенции за учење на возрасни утврдени со Законот за образование на возрасните на Република Македонија. Програмата треба го содржи бројот на наставници или обучувачи кои ќе учествуваат во програмата и по можност и нивните биографии. |

| | | |
|---|---|---|
| **9.** | **Место на спроведување** | Теоретска настава: |

| | | |
|---|---|---|
| | | Практична настава: |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | **Методи и инструменти за оценување** | Оценувањето на резултатите од учењето е клучен дел за успешна програма. Потребно е да се утврди видот на оценување (формативно или сумативно), времето на оценување (во текот на програмата, на крајот на секој модул, итн.), како и алатките за оценување (тестови, презентации, есеи, практична работа, демонстрации, итн.), кои зависат од видот на програмата и квалификацијата/занимањето што треба да се добие. |

| | | |
|---|---|---|
| **11.** | **Клучни компетенции** | Барателот треба да ги наведе клучните компетенции кои ќе се развијат во текот на реализацијата на програмата. Има 8 клучни компетенции: комуникација на мајчин јазик, комуникација на странски јазик, математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата, дигиталната компетенција, учење како да учи, социјални/општествени и граѓански компетенции, чувство за преземање иницијатива и претприемништво, културолошка свест и изразување. Сите овие клучни компетенции се меѓусебно зависни и акцентот во секој случај е ставен на |

| | | |
|---|---|---|
| | | критичко размислување, креативност, иницијатива, решавање на проблеми, проценка на ризици, одлучување и конструктивно управување со чувства. Клучните компетенции се однесуваат на целата наставна програма и не можат да се поврзат со одредени предмети или модули. Се претпочитува да бидат интегрирани во секој модул. |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | **Проодност од програмата во рамките на образованието*** | Овој дел дава информација дали програмата овозможува вертикална и/или хоризонтална проодност во формалниот образовен систем. |

- Ова поле треба да се пополни доколку е можно. Откако новата МРК ќе биде одобрена, ова поле ќе треба задолжително да се пополнува.

| | |
|---|---|
| **13.** | **Само-евалуација / интерна евалуација**<br><br>Самоевалуацијата се спроведува за цели на добивање на информации за квалитетот на |

| | | |
|---|---|---|
| | програмата и нејзините предности и недостатоци. Реализаторите на програмата, треба постојано да вршат само-евалуација која ќе служи како почетна точка за подобрувања во иднина. Барателот треба да ги наведе методите и алатките кои ќе ги користи за самоевалуација: прашалници, дискусии, извештаи за спроведената евалуација; временската рамка за самоевалуација: на почетокот, континуирано, или на крајот на програмата; и каков вид на промени се направени по предлозите дадени од страна на учесниците во програмата. | |
| | **Алатки / Методи (прашалници, дискусии, извештаи за имплементираната евалуација)** | Овој дел треба да содржи примери за алатки и методи кои наставниот кадар ќе ги користи за спроведување на процесот на евалуација. |
| | **Временска рамка на само-евалуацијата** | Период кога е планирано да се изврши само-евалуација: на почетокот, во текот или на крајот од програмата. |
| | **Последователни мерки спроведени при последната само-евалуација / Направени измени по последната само-евалуација** (ве молиме наведете детали) | |
| **14.** | **Датум на поднесување:** | |
| **15.** | **Изјава** | Јас, долу потпишаниот (менаџер):<br>- ја потврдувам точноста на информациите содржани во образецот;<br>- потврдувам дека образецот е пополнет во согласност со |

| | | |
|---|---|---|
| | | Методологијата за верификација на посебни програми за образование на возрасните;<br>- потврдувам дека сите потребни услови за спроведување на програмата се исполнети;<br>- се согласувам да се врши мониторинг на спроведувањето на програмата од надлежните институции. |
| **16.** | **Потпис на Менаџерот и печат на организацијата / институцијата за образование на возрасни** | |

## IV. ОДОБРУВАЊЕ НА ПОСЕБНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ **одЈУ Центар за образование на возрасните– Скопје**

Посебната програма за образование на возрасните_______________________________________________________

_____________________________________________________________________________________________

_________________________________________ е верификувана соРешение бр. ____________ од _________ година.

## V. ОДОБРУВАЊЕ ОД ИНСТИТУЦИЈАТА од **Министерство за образование и наука**

Институцијата __________________________ е верификувана со Решение бр. ___________ од __________ година од страна на Министерството за образование и обука за имплементација на Посебната програма________________________

_____________________________________________________________________________________________.

# 1. Литература


1. Совет за образование на возрасни, (2010), *Стратегија за образование на возрасните 2010-2015,* Скопје.
2. Arreola, R. (1998), *Writing learning objectives,* University of Tennessee: Memphis.
3. Official Journal of the European Union, (2008) *RECOMMENDATION OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 23 April 2008 on the establishment of the European Qualifications Framework for lifelong learning,* Bruxcells: European Commision.
4. Ministry of education and science of Republic of Macedonia (2016), *EQF Referencing Report of the Macedonian Qualifications Framework and Self-Certification to the QF-EHEA*.
5. Recommendation 2006/962/EC of the European Parliament and of the Council of 18 December 2006 on key competences for lifelong learning [Official Journal L 394 of 30.12.2006].

Референтен број на проектот: EuropeAid/135834/IH/SER/MK